Врз основа на член 11 од Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата ("Службен весник на РМ" бр. 69/96, 13/99, 41/2000, 51/2000 и 45/2002) и член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ" бр. 58/2000) , министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ЗАШТИТА, УНАПРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СПОМЕНИКОТ НА ПРИРОДАТА ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО**

Член 1

ЈВП "Водостопанство на Македонија" - "Водостопанска работна организација Водостопанство Преспанско Езеро" ЦО Ресен, се овластува за вршење на работи во врска со заштита, унапредување и одржување на споменикот на природата Преспанско Езеро.

Член 2

Начинот и условите под кои ќе се вршат работите наведени во член 1 на ова решение, ќе се уредат со договор кој ќе го склучат министерот за животна средина и просторно планирање и ЈВП "Водостопанство на Македонија".

Член 3

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-1314/1
1 април 2003 година
Скопје

Министер,
**Љубомир Јанев**, с.р.